Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 57-7038/5
02.09.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 15-09-2026

| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 09 | 3058/2 | | |

**Влада на Република Северна Македонија**

Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 септември 2026година, дава

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за почеток со работа на студиската програма „Молекуларна медицина" од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Медицински факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма „Молекуларна медицина" од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Медицински факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решение за акредитација бр.08-298/4 од 28.4.2026 година, од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Медицински факултетот, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, достави Барање бр. 09-3058/1 од 8.5.2026 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр.10-903/1 од 8.5.2026 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма „Молекуларна медицина" од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Медицински факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 10-803/2 од 18.5.2026 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на 18.6.2026 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 10-803/3 од 20.7.2026 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма „Молекуларна медицина" од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Медицински факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб - страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2026.09.02 11:22:33 +02:00

Подготвил: Христијан Николов, 01.09.2026
Проверил: Никола Пасков, 02.09.2026
Контролирал: Снежана Маркова Пендовски, 02.09.2026
Согласен: Снежана Маркова Пендовски, 02.09.2026

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2026.09.02 10:52:40 +02:00

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 02.09.2026 09:23 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=3c282f1a-3616-4494-8f61-2b1ad39db028&materialId=b9999c22-7b13-44ca-86aa-bc2087f05929** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*